**Народна банка на Република Македонија**
**Дирекција за статистика**

Скопје, 28 април 2017 година

## Соопштение за печат

## Позначајни движења во платниот биланс[1] во февруари 2017 година

Во тековните трансакции со нерезиденти, во февруари 2017 година бележиме дефицит од 53,5 милиони евра. Во финансиската сметка, позначајни нето-приливи бележиме кај трговските кредити и директните инвестиции, а во помал обем и кај портфолио-инвестициите и заемите, додека девизните резерви се намалени за 11,6 милиони евра.

**Основни компоненти на платниот биланс на Република Македонија**
(во милиони евра)

| | II-2017 | I-II.2017 | месечна промена | | годишна промена | | збирна промена | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | милиони евра | % | милиони евра | % | милиони евра | % |
| **Тековна сметка** | **-53.5** | **-59.6** | **-47.4** | ...* | **-31.8** | ...* | **-51.0** | ...* |
| Стоки | **-154.1** | **-278.2** | **-30.0** | 24.2 | **-4.1** | 2.8 | **-54.4** | 24.3 |
| Услуги | **32.3** | **93.3** | **-28.6** | -46.9 | **-19.3** | -37.4 | **5.6** | 6.4 |
| Примарен доход | **-34.2** | **-70.8** | **2.4** | -6.6 | **-0.7** | 2.0 | **-2.8** | 4.2 |
| Секундарен доход | **102.4** | **196.0** | **8.8** | 9.4 | **-7.6** | -6.9 | **0.6** | 0.3 |
| **Капитална сметка** | **0.0** | **0.1** | **-0.1** | | **0.0** | | **0.1** | |
| **Финансиска сметка** | **-59.7** | **-60.3** | **-59.1** | | **-33.9** | | **-44.6** | |
| Директни инвестиции | **-18.2** | **12.7** | **-49.1** | | **36.7** | | **97.5** | |
| Портфолио-инвестиции | **-4.7** | **-15.1** | **5.6** | | **-12.4** | | **-26.6** | |
| Валути и депозити | **6.1** | **20.6** | **-8.4** | | **-45.4** | | **-12.9** | |
| Заеми | **-4.2** | **38.1** | **-46.6** | | **21.0** | | **45.7** | |
| Трговски кредити | **-27.0** | **-56.0** | **1.9** | | **-28.9** | | **-116.6** | |
| Девизни резерви | **-11.6** | **-60.6** | **37.4** | | **-5.0** | | **-31.7** | |

...* индексот е над 100.
Напомена: Во финансиската сметка знакот (-) означува нето-приливи од странство. Кај девизните резерви знакот (+) означува зголемување, додека знакот (-) означува намалување на девизните средства.
Извор: НБРМ.

## *Тековна сметка*

Негативното салдо во тековната сметка во февруари, произлегува од дефицитот од стоковната размена (154,1 милион евра) и дефицитот кај примарниот доход (34,2 милиона евра), коишто ги надминуваат суфицитите остварени кај секундарниот доход и размената на услуги (102,4 и 32,3 милиони евра, соодветно).

Во споредба со претходниот месец, дефицитот на тековната сметка е повисок за 47,4 милиони евра, што главно произлегува од зголемениот дефицит во размената на стоки (за 30 милиони евра) и намалениот суфицит кај размената на услуги (за 28,6 милиони евра).

---

[1] Платниот биланс претставува статистички извештај којшто систематски ги сумира сите економски трансакции на Република Македонија со странство за определен временски период, односно ги сумира тековните, капиталните и финансиските трансакции помеѓу резидентите и нерезидентите.

Овие движења беа делумно нетирани со зголемениот суфицит кај секундарниот доход (за 8,8 милиони евра) и намалениот дефицит кај примарниот доход (за 2,4 милиона евра).

Збирно, за првите два месеца од 2017 година, во тековната сметка бележиме дефицит од 59,6 милиони евра (за 51 милион евра повисок од остварувањето за истиот период од 2016 година), што главно произлегува од повисокиот дефицит од стоковната размена (за 54,4 милиони евра) и во помал обем кај примарниот доход (за 2,8 милиони евра), само делумно компензирани со повисокиот суфицит во размената на услуги (за 5,6 милиони евра).







Извор: НБРМ.

## ***Финансиска сметка***

Во февруари, позначајни нето-приливи од финансиски трансакции со нерезиденти се остварени врз основа на трговските кредити (27 милиони евра) и директните инвестиции (18,2 милиони евра), а во помал обем и кај портфолио-инвестициите и заемите (4,7 и 4,2 милиони евра, соодветно). Кај валутите и депозитите се регистрирани нето-одливи (6,1 милион евра), додека девизните резерви се намалени за 11,6 милиони евра.

Кај директните инвестиции, на нето-основа, во февруари 2017 година бележиме приливи од 18,2 милиона евра, додека збирно за првите два месеци од 2017 година, се евидентирани нето-одливи од 12,7 милиони евра.

Обврските врз основа на директни инвестиции[2] во февруари се зголемени за 61,2 милиона евра, главно заради реинвестирањето на добивката (31,7 милиони евра) и нето-растот на обврските по должнички инструменти (26,5 милиони евра), а во помал обем и од вложувањата во сопственички капитал (3 милиони евра). Збирно, за првите два месеца од годината, обврските кон директните инвеститори се зголемени за 107,5 милиони евра (за 66,7 милиони евра помалку од истиот период минатата година).

Средствата врз основа на директни инвестиции во февруари се зголемени за 43 милиони евра, главно врз основа на должнички инструменти (одобрени заеми и трговски кредити). Збирно, за периодот јануари - февруари 2017 година, средствата се зголемени за 120,2 милиона евра (за 30,8 милиони евра повеќе во однос на истиот период од минатата година).

Во периодот јануари – февруари 2017 година, во финансиските трансакции со нерезиденти се остварени нето-приливи врз основа на трговски кредити (56 милиони евра) и портфолио-инвестиции (15,1 милион евра). Во услови на нето-одливи кај останатите финансиски инструменти, девизните резерви се намалени за 60,6 милиони евра.







Извор: НБРМ.

[2] Се прикажуваат директни инвестиции во зависност од тоа дали финансиските трансакции создаваат обврска кон или побарување (средства) од странство.

[3] Останатите сектори опфаќаат: останати финансиски институции, нефинансиски претпријатија, домаќинства и непрофитни институции коишто им служат на домаќинствата.

***Ревизии на податоци***

Податоците за платниот биланс во ова соопштение содржат редовна ревизија на податоците за јануари 2017 година, при што како резултат на подобрување на квалитетот на податоците кај подбилансот на стоки, дефицитот во тековната сметка во овој месец е повисок за 5,2 милиона евра.

***Придружни информации***

Временски серии податоци: годишни, квартални и месечни податоци за платниот биланс: http://www.nbrm.mk/platen_bilans.nspx

Методолошки појаснувања: http://www.nbrm.mk/platen_bilans.nspx

Следни објавувања: Календар на објавување податоци
http://nbrm.mk/kalendar_na_objavuvanje_na_podatoci.nspx

Месечен платен биланс: 31 мај 2017 (референтен пресек заклучно со март 2017 година).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нè на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02 3215 181 локал 103 (или 110/108).